Република Северна Македонија
**Министерство за внатрешни работи**
Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-547/3

Скопје 10.05.2021

**До**

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

## РЕШЕНИЕ
### за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер (акт бр. 16-1.2-547/1 од 28.04.2021), во прилог Ви испраќаме преглед на податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи:

Во периодот од 2014 до 2019 година, евидентирани се 335 кривични дела „пустошење на шума" извршени од страна на 464 сторители.

| години | кривични дела по чл.226 | Сторители по чл.226 |
|---|---|---|
| 2014 | 52 | 72 |
| 2015 | 72 | 88 |
| 2016 | 58 | 63 |
| 2017 | 45 | 55 |
| 2018 | 64 | 114 |
| 2019 | 44 | 72 |
| **вкупно** | **335** | **464** |

Табела бр.1 Кривични дела и сторители по чл.226 од КЗ по години


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Од воспоставување на оперативната акција „Гора“ (2014 година) заклучно со март 2021 година, поднесени се вкупно 1.407 кривични пријави за сторени 2.017 кривични дела, против 2.291 сторител. Сторителите се пријавувани за „кражба на шума“, „вршење јавен превоз без поседување на лиценца“, „пустошење шума“, „злоупотреба на службена положба и овластување“, „несовесно работење во службата“, „спречување службено лице во вршење на службено дејствие“, „напад врз службено лице при вршење на работи од безбедноста“, „фалсификување или уништување на деловни книги“ и др.

| Оперативна акција „Гора“ | | | |
|---|---|---|---|
| **години** | **кривични пријави** | **кривични дела** | **сторители** |
| од јуни 2014 | 155 | 251 | 275 |
| 2015 | 250 | 447 | 482 |
| 2016 | 263 | 400 | 396 |
| 2017 | 174 | 206 | 243 |
| 2018 | 161 | 217 | 262 |
| 2019 | 213 | 259 | 341 |
| 2020 | 148 | 190 | 236 |
| до март 2021 | 43 | 47 | 56 |
| **вкупно** | **1407** | **2017** | **2291** |

Табела бр.2 Кривични пријави, кривични дела и сторители по години

Во периодот откако е воспоставена оперативната акција до март 2021 година, одземена е вкупно 118.523 м3 дрвна маса и причинетата материјална штета изнесува 342.972.667 денари.

Во делот на кривичните пријави освен физички лица, пријавувани се и вработени во државни институции и приватни правни субјекти, кои незаконски организирале и вршеле бесправна сеча на дрвна маса сопственост на државата, издавале незаконски одобренија и испратници за транспорт на дрвна маса.

Сторителите биле инволвирани во незаконско одобрување на сеча на шума, неподнесување на кривична пријава против познати сторители, враќање на одземена дрва маса без правен основ, присвојување на огревно дрво, изготвување на испратници со поголема количина на дрва од дозволената, внесување на невистинити податоци за


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222 www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

количина на дрвата во евиденциите, нежигосување на дрва, неврршење на контрола на исечена дрвна маса и сл.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Бирото за јавна безбедност – Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа од каде добивме одговор кој што му ги доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Тони Ангеловски